оперативен систем, што друго и да прави (а знае да прави многу), ќе ги забави нивните 16-битни апликации. Ништо и од убавите долги имиња на датотеките, сé додека не се доградат вашите програми до верзија специјално напишана за Win95.

**СЕПТЕМВРИ:**

✔ Microsoft Network пристигнува, но на мала врата. Пристапот е бавен, можностите не се ни приближни до оние на CompuServe, а интернет врската е само ветување.

✔ Тестовите извршени на Win95 покажуваат дека ви се потребни барем 16 MB RAM за да добиете значителни подобрувања на перформансите.

✔ Нова форма на вирус која користи саморепликувачки макроа се раширува низ светот од компакт дискот кој е наменет за техничка поддршка на Microsoft програмите. Активирањето на вирусот ја испишува пораката "Ова е доволно за да ја докажам мојата поента". Вистинската поента е тоа што ваков вирус не може да биде детектиран од постоечкиот софтвер и може лесно да се модификува така да нанесе поголеми штети.

**ОКТОМВРИ:**

✔ Novell се откажува од своите Unix тенденции за да се концентрира на NetWare (види јули). SCO и HP ќе продолжат да го развиваат Unix, а во него ќе ги интегрираат Novell-овите протоколи. Франкенбург, претседателот на Novell, ги открива плановите за Smart Global Network, мрежа која би знаела да се "разбере" со сите поголеми оперативни системи.

✔ Во меѓувреме, Windows NT станува сé повеќе независен од платформата на која се извршува. Енди Гроув на прашањето каква можност ова претставува за другите производувачи на процесори, одговара: "Ако не сме пред конкуренцијата, не заслужуваме да опстанеме".




✔ Џим Манци, поранешниот шеф на Lotus си оди од IBM после само 99 дена. "Не мислам дека сум вистинскиот човек кој би водел оддел во многу поголема организација".

**НОЕМВРИ:**

✔ Novell, во уште едно повлекување пред нападите на Microsoft, го става на продажба WordPerfect после неполна година од купувањето за 1,3 милијарди долари. Win95 верзија на некогаш најпопуларниот текст процесор не се очекува пред наредната година. Но, големото прашање е дали некој друг, како на пример IBM, ќе го купи Novell.

✔ Microsoft, кој некогаш инсистираше Win95 да работи со 4MB RAM, конечно признава дека за работа на неговата сопствена база на податоци Access for Win95 Professional Edition бара 12 MB, што на повеќето машини значи инсталирање на 16MB RAM. Оливер Рол, во изјавата со извинување кон корисниците вели: "се надеваме дека ќе продолжите да го користите нашиот Officeпакет". (E.O.T.)

## Произведувачите на процесори се здружуваат против Intel

Во еден од најголемите бракови во Силиконската Долина, AMD (Adwanced Micro Devices) го купи Nexgen, очигледно за да ги здружат силите против Intel. Невестинската цена (860 милиони долари во акции) е скоро еднаква на Intel-овиот рекорден профит од 931 милиони долари само во третата четвртина на оваа година, инаку за 41% поголем од лани.

Само три компании на пазарот нудат процесор кој може да му конкурира на Пентиумот, кој Intel го лансираше на почетокот на 1994 година и веќе доминира со 80% на светскиот PC пазар. Со само 17%, AMD е следниот производувач на процесори, но неговиот K5 процесор веќе доцни 6 месеци и нема да се продава пред пролетта 1996 година. Nexgen веќе го продава својот Nx586 и оваа есен го прикажа својот ривал на Пентиумот - Nx686, но Nexgen нема свои фабрики и веќе е во загуба од околу 100 милиони долари.



Со здружувањето, Nexgen ги добива AMD-овите производни капацитети и рекламна машинерија. Од највисок приоритет ќе биде производството на Nexgen-овиот револуционерен чип во големи количини во AMD-овата модерна "мегафабрика" во Тексас, која користи 0.35 микронска технологија. Тоа ќе биде K6, а AMD ќе ја запре работата на дизајнот на својот процесор од шестата генерација. И двата дизајни на AMD и Nexgen ги декодираат x86 инструкциите за да работат на RISC начин, и тврдат дека добиваат перформанси подобри од Пентиум и Пентиум Про при работа со 16- и 32-битни апликации.

Третата компанија која произведува процесор од класата на Пентиум е Cyrix, исто од Тексас. 120-мегахерцна верзија од нивниот 5x86 беше скоро најавена. Исто и на Cyrix му недостигаат производни капацитети и многумина предвидуваат дека и Cyrix, како и Nexgen ќе бара "брак" со трета компанија кој би му помогнал да ја преживее битката со Intel. Еден можен избор е IBM.

Но, циновската компанија Intel сигурно нема незинтересирано да ги гледа потезите на своите конкуренти. Веќе гради повеќе погони низ светот и може да предизвика алчност кај клонерите со својата контрола на дизајнот на матични плочи за Пентиум процесори. Исто, може и драстично да ги намали цените, што ќе значи поевтини компјутери во продавниците за кратко време, додека Intel не ја уништи својата конкуренција.

Intel го лансираше својот P6 под име Пентиум Про без многу врева во ноември, на десетгодишнината од својот прв 32-битен процесор–80386 и реши да биде употребуван во сервери и моќни работни станици. Но, има и работи кои Intel не ги изнесе во јавноста. Според тестовите кои самиот Intel ги правел во своите лаборатории, Пентиум Про е всушност околу 12 проценти побавен од Пентиум при работа со 16-битен софтвер, а такви се 99% од денешните програми. Серверите со Пентиум Про процесор и некои мрежни карти ги забавуваат или "откачуваат" клиентите.

AMD верува дека ова претставува шанса за K6, кој би се продавал за прифатлива цена. (E.O.T.)

# HP ENTRIA X TERMINAL FAMILY




Продажба и сервис на комплетна HP програма:

- **Компјутерски системи**
  - деловни системи
  - графички работни станици
  - персонални компјутери (PC VECTRA)
  - принтери, плотери, скенери
- **Мерна опрема**
- **Медицинска опрема**
- **Аналитичка опрема**
- **Овластен сервис**
- **Гаранција**

Овластен дистрибутер на Hewlett - Packard за Македонија

**ХЕРМЕС ПЛУС** д.о.о.

Компјутерски и мерни системи
„Осма ударна бригада“ 20а,
91000 Скопје, Македонија
тел. +389 91 11 75 77
факс +389 91 22 90 86

**HERMES PLUS**

yes NetWare Tested and Approved

intel inside

HEWLETT PACKARD Authorised Distributor